# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 15 Декември 2005 година<br>Службен гласник број 17<br>Овој примерок чини 150 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454,* www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

1. Одлуката за намалување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/1
15.12.2005 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 43 став 6, а во врска со член 45 став 1 алинеја 6 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2001) и член 26 од Статутот на Општина Прилеп(„Службен гласник на Општина Прилеп“бр.6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата, одржана на ден 07.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за намалување на висината на адоместокот за уредување на градежно земјиште

1. Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се намалува и тоа на следниот начин:

- 15% за станбените објекти изградени на територијата на цел град, кои во следните две години ќе извршат легализација на своите објекти, при што да се одбие вложеното за изградената водоводна мрежа, електрична мрежа и канализација;

- 20% за деловните објекти изградени на територијата на цел град, кои во следните две години ќе извршат легализација на своите објекти.

2. Инвеститорите кои ќе градат објекти во постоечките индустирски зони гогласно ГУП од 2001 година, во зависност од бројот на лицата кои ќе ги вработат, ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште и тоа:
- за вработување од 5 - 20 вработувања 25%
- за вработување од 21 - 50 вработувања 50%
- за вработување од 51 - 100 вработувања 75%
- за вработување над 100 вработувања 100%.

Инвеститорите се должни бројот на вработени за кои се ослободени да не го намалуваат во текот на 5 (пет) години од денот кога се стекнале со основнот за ослободување.

За да бидат ослободени инвеститорите треба да приложат доказ од надлежен орган дека вработиле одреден број на работници.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 07 - 2813/2
13.12.2005 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

### З А К Л У Ч О К
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

1.Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" , за зголемување на цената на водата за пиење , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 07.12.2005 година, донесе:

### Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" за зголемување на цената на водата за пиење

1. Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" број 02-419/1- 2 од 24.11.2005 година, за зголемување на цената на водата за пиење.

2. Не се дава согласност на точката 2 од Одлуката, која гласи:

" Се воведува нова ставка - одведување на урбани отпадни води, чија цена се определува на 3 денари од м3.", затоа што на претходна седница е донесена Одлука со која е регулирано ова прашање.

3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.12.2005 г. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

### З А К Л У Ч О К
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ "РЕНОВИРАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПОДДРШКА НА НВ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Одлуката за одобрување на Проектот "Реновирање на Центарот за поддршка на НВ организации, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 год. на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 07.12.2005 година, донесе:

### О Д Л У К А
за одобрување на Проектот " Реновирање на Центарот за поддршка на НВО"

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува Проектот "Реновирање на Центарот за поддршка на НВО".

Член 2

Просторот на улица "Иво Лола - Рибар" ББ во кој би се сместил Центарот за поддршка на НВО, Општината Прилеп го отстапува на 10 годишно користење без надоместок.

Општината Прилеп ќе ги покрива трошоците за вода и комуналии во наредните 10 години, а првите 5 години и трошоците за струја.

По целосното реконструирање на просториите, во реновираните простории ќе се лоцира и канцеларијата на ЛЕР.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила денот објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - _2813/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 годи. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА ВО ДЕЛОТ НА НАМЕНСКИТЕ ДОТАЦИИ ВО ПРОГРАМИТЕ: КУЛТУРА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА И ПОДПРОГРАМА - ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА**

1. Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Општина прилеп за 2005 година во делот на наменските дотации во Програмите: Култура и социјална заштита и заштита на деца и Подпрограма - Домови за стари лица, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/4
15.12.2005 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа "Службен весник на РМ„ 5/2002) и член 43 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на ОпШтина прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА**
на Буџетот на Општина Прилеп за 2005 година

**Член 1**

Во Буџетот на Општина Прилеп за 2005 година ("Службен гласник на Општина Прилеп 1/2005 и 12/2005) се вршат следниве измени:

**Програмата -К- Култура ;**
**Подпрограма -К-1-Библиотекарство**

**421 - Комунални услуги , комуникација и транспорт**
**490.000,оо**
421110 - електрична енергија 322.000,оо
421120 - вода и канализација
5.000,оо
421130 - Ѓубретарина
20.000,оо
421220 - дрва за подрач.библиотеки
7.500,оо
421240 - нафта за греење
107.500,оо
421310 - пошта
3.000,оо
421320 - телефон и факс
25.000,оо
**423-Ситен Инвентар , алат и други материјали за поправки**
**355.000,оо**
423110-канцелариски материјали
30.000,оо
423120-списанија,весници и др. литературни дела
290.000,оо
423410-други прехрамбени продукти
5.000,оо
423990-други материјали
30.000,оо

**425-Други договорни услуги 19.581,оо**
425250-осигурување
19.581,оо

**426990-Други тековни расходи 20.000,оо**
426990-Други оперативни расходи 20.000,оо
**В к у п н о с р е д с т в а**
**884.581,оо**

**Измени и дополнувања на Програмата -М- Социјална заштита и Заштита на деца - Подпрограма -М1- Детски Градинки**

**421-Комунални услуги 1.286.485,оо**
421110- Електрична енергија 34.153,оо
421120- Водовод и канализација 16.529,оо
421310- Пошта 1.744,оо
421240- Течни горива 1.223.512,оо
421420- Регистрација на моторни возила
10.547.оо
**-Договорни услуги 524.736,оо**
425990-Договор за дело 524.736,оо
**В к у п н о 1.811.221,оо**

**Измени и дополнувања на Програмата -М- Социјална заштита и Заштита на деца - Подпрограма -М2- Домови за стари лица**

**421-Комунални услуги , комуникација и транспорт 762.066,оо**

421110-Електрична енергија 136.634,оо

421120-Вода и канализација 103.175,оо

421130-ѓубретарина 61.887,оо

421140-Градска рента 39.536,оо

421240-Течни горива 317.300,оо
421310-Пошта 2.813,оо

421320-Телефон и телефакс 47.076,оо
421390-Други трошоци за комуникација 10.545,оо
421410-Горива и Масла 20.000,оо
421420-регистрација на Моторни возила 23.110,оо

**423-Ситен инвентар, алат и др. материјали за поправка 1.739.042,оо**

423410-Прехрамбени продукти и пијалоци 1.141.944,оо
423510-Лекови 166.592,оо
423710-Средства за одржување на хигиена 343.434,оо
423720-Ситен инвентар,алат и др. материјал за поправка 87.072,оо

**424-Поправка и тековно одржување**

**99.750,оо**
424210-Одржување на згради 27.904,оо
424430-Поправки и одржување на опрема 71.846,оо

**425-Договорни услуги 36.260,оо**
425440-Болнички услуги 19.210,оо
425490-Други здравствени услуги 17.050,оо

Член 2

Се задолжува Секотрот за финансирање и Буџет да изврши усогласување на приходниот и расходниот дел.

Член 3

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Прилеп влегуваат во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.08.2005 ГОДИНА**

1. Заклучокот по Извештајот за финансиската состојба на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за периодот од 01.01. до 31.08.2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 13.12.2005 година, претресувајќи го Извештајот за финансиката состојба на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, за периодот од 01.01 до 31.08.2005 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Извештајот за финансиката состојба на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, за периодот од 01.01 до 31.08.2005 година

1. Се усвојува Извештајот за финансиката состојба на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, за периодот од 01.01 до 31.08.2005 година.
2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ**

1. Решението за давање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цените на комуналните услуги, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цените на комуналните услуги

1. Се дава согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цените на комуналните услуги.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ - ПРИЛЕП**

1. Одлуката за одобрување на барање за обезбедување на средства на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, претресувајќи го Барањето на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, на седницата одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за одобрување барање за обезбедување на средства на ЈКП "Комуналец - Прилеп

Член 1
Се одобрува Барањето на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за обезбедување на средства за покривање на трошоците за одржување на паркови и зеленило и јавно-прометни површини во градот, во рамките на Оперативниот план за тековната 2005 година.

Член 2
Барањето да се реализира од средствата предвидени во Ребалансот на Буџетот на Општина Прилеп за 2005 година, во висина на предвидените средства од ставка 461, потставка 461130 - Субвенции за јавни комунални претпријатија.

Член 3
Се овластува Градоначалникот на Општина Прилеп да ја реализира Одлуката.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - _2813/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"

бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА АНАЛИЗИТЕ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ.**

1. Одлуката за одобрување на барање за обезбедување на средства за анализите на водата за пиење, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, претресувајќи го Барањето на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, на седницата одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за одобрување на барање за обезбедување на средства за анализите на водата за пиење

Член 1
Се одобрува Барањето на ЈКП " Водовод и канализација " - Прилеп за обезбедување на средства за покривање на трошоците за анализите на водата за пиење за последните 5 месеци од 2005 година.

Член 2
Барањето да се реализира од средствата предвидени во Ребалансот на Буџетот на Општина Прилеп за 2005 година, во висина на предвидените средства од ставка 461, потставка 461130 - Субвенции за јавни комунални претпријатија.

Член 3
Барањето за обезбедување на средства за 2006 година, во износ од 1.344.840,оо денари како трошоци да се предвидат во Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година.

Член 4
Се овластува Градоначалникот на Општина Прилеп да ја реализира Одлуката.

Член 5
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТ НА ПАЗАРНИТЕ УСЛУГИ КОИ ГИ ДАВА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПОДРАЧЕН ПАЗАР - "ТОЧИЛА"**

1. Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на надомест на пазарните услуги кои ги дава ЈКП "Пазари" - Прилеп на корисниците на Подрачен пазар - "Точила", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместна пазарните услуги кои ги дава ЈКП "Пазари" - Прилеп на корисниците на Подрачен пазар "Точила"

1. Се дава согласност на Одлуката за утврдување на надомест

на пазарните услуги кои ги дава ЈКП "Пазари" - Прилеп на корисниците на Подрачен пазар "Точила".

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/10
13.12.2005 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО**

1. Одлуката за формирање на партиципативно тело, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/10
15.12.2005 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.22 ст.1,т1,чл.36 ст.1,т.15 од Законот за Локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002) и чл.17 ст.5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05) Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за формирање на партиципативно тело

Член 1

За обезбедување на стручност и јавност во процесот на просторното и урбанистичкото планирање се формира партиципативно тело во состав:

1.Илија Карески-ДИА-Општина Прилеп-Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина;

2.Катерина Димеска-ДГИ-член на Советот на општина Прилеп;

3.БранкоНешкоски-ДИА-ЈП за ПУП

4.Благоја Конески - ДИА -претставник од Стопанска комора;

5.Миле Боболески-ДИА-претставник од Здружение "Архитектоника"

6. Васе Никоска ДИА

7. Винко Тодороски, дипл. ел инж.

Член 2

Партиципативното тело ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија за општина Прилеп.

Член 3

Одлуката да се достави до членовите на партиципативното тело, Градоначалникот,Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и архивата на општина Прилеп.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Сл.гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2813/11
13.12.2005 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА УПРАВУВАЊЕ СО ФЕКАЛНА КОЛЕКТОРСКА КАНАЛИЗАЦИОНА ГРАНКА, ВО НАСЕЛБА "ТРИЗЛА 2" - ПО УЛИЦА "БЕРОВСКА", ОД ОПШТИНА ПРИЛЕП НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА"**

1. Одлуката за пренесување на правото на управување со фекална колекторска канализациона гранка, во населба "Тризла 2" - по улица "Беровска", од Општина Прилеп на ЈКП "Водовод и канализација", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/11
15.12.2005 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ" 50/2002) и член 14 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 60/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 13.12.2005 година, донесе:

## О Д Л У К А

За пренесување на правото за управување со фекална колекторска канализациона гранка, во населба Тризла 2 по улица "БЕРОВСКА" од *Општина Прилеп на ЈКП "Водовод и* канализација"

член 1

Правото за управување со фекална колекторска канализациона гранка, во населба Тризла 2 по улица "БЕРОВСКА",

Се пренесува од Општина Прилеп на ЈКП "Водовод и канализација" – Прилеп.

член 2

Решението за употреба е издадено од Подрачната единица при МТВ-Прилеп од 30/07/2005год. под број 16-И-745/4

(во Општина Прилеп заведено под број 21-883/5 на 06/07/2005год.)

член 3

Се задолжува ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп, да управува со именуваната мрежа во согласност со соодветните стандарди и нормативи.

член 4

Примопредавањето на објектот ќе се изврши помеѓу Општина Прилеп и ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп со составување записник, кој ќе го потпишат двете страни, и кој ќе биде составен дел на оваа одлука.

член 5

Одлуката стапува на сила во рок од седум (7) дена од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/12 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ УАЕ БРОЈ 6 - УРБАН БЛОК 6, УРБАН МОДУЛ 1

1. Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел УАЕ број 6 - урбан блок 6, урбан модул 1, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/12 — ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 13.12.2005 година,
донесе:

## О Д Л У К А

за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ бр.6 - урбан блок 6, урбан модул 1

Чл.1

Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ бр.6 - урбан блок 6, урбан модул 1, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници: од југозападна страна ул."Марксова", од северозападната страна ул."Тризла", од североисточната страна ул."Круме Волнароски" и од југоисточната страна ул."Мице Козар".

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:
-ДУП за дел од УАЕ бр.6 - урбан блок 6, модул 1 - Нацрт План изработен од „Урбанизам„ ДОО Битола, содржи:
-Текстуален дел:
. Планирање на просторот
. Документациона основа
-Графички прилози:

. синтезен приказ – површини и висина за градба и
- графичка парцелација;
. синтезен приказ - сообраќајно решение
- нивелационо решение
- намена на површини
- Планирана инфраструктура – водоводна мрежа
- канализациона мрежа
- електрична мрежа
- ПТТ мрежа
-Документациона основа:
. Извод од ГУП Прилеп
.Извод од постоечки ДУП
. Ажурирана геодетска подлога
. Синтезен приказ
. Постојна инфраструктура
- Стручна ревизија на Нацрт Планот изработена од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови – Скопје – ноември 2004г.
-Одговор на стручната ревизија од ноември 2004г. изработена од „Урбанизам„ ДОО - Битола.
- Стручно мислење број 13-17017 од 02.02.2005 г. МТВ-Сектор за уредување на просторот.

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број. 07 - 2813/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ УАЕ БРОЈ 2 - УРБАН БЛОК 2/3, УРБАН МОДУЛ 1**

1. Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел УАЕ број 2 - урбан блок 2/3, урбан модул 1 , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 13.12.2005 година,
донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ бр.2 - урбан блок 2/3, урбан модул 1

Чл.1

Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ бр.2 - урбан блок 2/3, урбан модул 1, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници: од исток ул."Војводинска", во должина од 117м, од запад новопроектирана ул.ица во должина од 110 м. од север , крак од ул."Војводинска" во должина од 172 м. и од југ со површини со друга намена во должина од 175 м.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-ДУП за дел од УАЕ бр.2 - урбан блок 2/3, модул 1 - Нацрт План изработен од „Урбан Проект„ ДООЕЛ Прилеп, содржи:
-Текстуален дел:
. Планиран развој
-Графички прилози:
- синтезен план на плански решенија
.намена на земјиште
.површини за градба и максимални висини
.регулациона и градежна линија
. синтезен план на планските решенија на сообраќајна мрежа, водовод, канализација, електрика и телефонска инсталација
-Документациона основа:
. Извод од ГУП Прилеп
.намена на површини
.сообраќајно решение
- Синтезен приказ на постојна состојба
- Синтезен приказ на постојна сообраќајна, водоводна, канализациона, електрична и телефонска мрежа
- Извештај од стручна ревизија на Нацрт Планот изработена од "Ин Пума"- Скопје бр.75/2005 од јуни 2005г.
-Одговор на стручната ревизија бр.18-06/05 од 15.06.2005г. изработена од „Урбан Проект„ ДООЕЛ - Прилеп.

- Стручно мислење број 13-7878 од 12.07.2005 г. МТВ-Сектор за уредување на просторот.

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2813/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 1 - УРБАН БЛОК 1/3, УРБАН МОДУЛ 2**

1. Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ број 1 - урбан блок 1/3, урбан модул 2, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 13.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ бр.1 -урбан блок 1/3 урбан модул 2

Чл.1

Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план _за УАЕ бр.1- урбан блок 1/3 урбан модул 2,_како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот _од југозападна страна ул."Марксова", од северозападната страна ул."Шакир Војвода", од североисточната страна ул."Поп Спасе Игуменов" и од југоисточната страна ул."Јуриј Гагарин".

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:
-ДУП за УАЕ бр.1-урбан блок 1/3,модул 2 - Нацрт План кој содржи:
-текстуален дел за планираниот развој;
-графички прилози:
*синтезен графички приказ на планските решенија-планиран развој;
*синтезен графички приказ на плански решенија-сообраќај и инфра структура-планиран развој;
*ажурирана геодетска подлога;
*инвентаризација на постоен градежен фонд;
-Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот бр.75/2005 изработена од „Ин-Пума„ Скопје.
-Одговор на извештајот од стручната ревизија бр.12-1/05 од јуни 2005г. изработена од „Урбанизам„ ДОО - Битола.
- Стручно мислење број 13-7877 од 11.07.2005 г. МТВ-Сектор за уредување на просторот.

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 2813/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ УАЕ БРОЈ 8 - УРБАН БЛОК 8/1, УРБАН МОДУЛ 4**

1. Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел УАЕ број 8 - урбан блок 8/1, урбан модул 4, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник

на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 13.12.2005 година,
донесе:

**О Д Л У К А**

за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ бр.8 - урбан блок 8/1, урбан модул 4

Чл.1

Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ бр.8 - урбан блок 8/1, урбан модул 4, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници: од источната страна "Јоле Андоноски", од јужната страна ул."Бидимаж", од западната страна дворните површините на објектите на ул."Маршал Тито"бр.77, на ул."Бидимаш"бр.18д, и ул."Бидимаж"бр.16 и новопредвидената сообраќајница и паркинзи, а од северната страна ул."Маршал Тито".

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-ДУП за дел од УАЕ бр.8 - урбан блок 8, модул 4 - Нацрт План изработен од „Урбанизам„ ДОО Битола, содржи:

-Текстуален дел:

. Планирање на просторот

-Графички прилози:

. синтезен графички приказ на планските решенија-планиран развој

. синтезен графички приказ на планските решенија - сообраќај и инфраструктура

Документациона основа

.анализа на постојна состојба

.извод од ГУП

.Извод од ДУП

.ажурирана геодетска подлога

.инвентаризација на постоен градежен фонд

- Извештај од стручна ревизија на Нацрт Планот-бр.68/2005 од мај 2005г. изработена од "Ин - Пума" – Скопје.

-Одговор наизвештај од стручната ревизија од јуни 2005г. изработена од „Урбанизам„ ДОО - Битола.

-Стручно мислење број 13-7876 од 12.07.2005 г. МТВ - Сектор за уредување на просторот.

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2813/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на ОпштинаПрилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ УАЕ БРОЈ 16 - УРБАН БЛОК 16/2, УРБАН МОДУЛ 1**

1. Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел УАЕ број 16 - урбан блок 16/2, урбан модул 1, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 13.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ бр.16 -урбан блок 16/2, урбан модул 1

Чл.1

Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел од УАЕ бр.16 - урбан блок 16, урбан модул 1, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници: од исток површини на Медицински центар Прилеп (Брза помош), од југ површините на Медицински центар Прилеп (Болница) и новопроектирана улица, од запад со пешачка улица и површини за домување.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-ДУП за дел од УАЕ бр.16 - урбан блок 16/2, модул 1 - Нацрт План изработен од „Стил Проект„ ДООЕЛ Прилеп:

-Текстуален дел:

. Планиран развој

-Графички прилози:

- синтезен план на плански решенија

.намена на површини

. површини за градба и максимални висини

.регулациони и градежни линии

. синтезен план на плански решенија

. сообраќај

. инфраструктура –водовод
канализација
електрика
ПТТ

-Документациона основа:

.Програмска задача

. Извод од ГУП Прилеп

.Извод од постоечки ДУП

.Извод од парцијални измени на ДУП за ГФС - Прилеп

. Ажурирана геодетска подлога

.Инвентаризација и класификација на: постоен градежен фонд
сообраќајна мрежа
инфраструктура

- Извештај од стручна ревизија на Нацрт Планот бр.27/2005 од февруари 2005г. изработена од "Ин-Пума" – Скопје.

-Одговор на забелешките од стручната ревизија бр.01/05 од април 2005г. изработена од „Стил Проект„ ДОО - Прилеп.

- Стручно мислење број 13-7530 од 27.06.2005 г. МТВ-Сектор за уредување на просторот.

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Бр. 07 - 2813/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТНА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 19- УРБАН БЛОК 19/3, УРБАН МОДУЛ 1

1. Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ број 19 - урбан блок 19/3, урбан модул 1 , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден, 13.12.2005 година, донесе:

## О Д Л У К А
за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ бр.19 -урбан блок 19/3,урбан модул 1

Чл.1

Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план _за УАЕ бр.19 урбан блок 19/3, урбан модул 1, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:_од северозапад ул."Моша Пијаде" од југозапад новопроектирана улица, од југоисток новопроектирана улица и од североисток новопроектирана улица со површина од 19,598 Ха.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-ДУП за УАЕ бр.19-урбан блок 19/3,урбан модул 1, бр.09/04 од Февруари 2005г, изработен од "Стил Проект"ДООЕЛ Прилеп,кој содржи:

-Текстуален дел

. Документациона основа

.анализа на постојна состојба со билансни показатели;

-Графички прилози:

.извод од ГУП;

.ажурирана геодетска подлога;

.инвентаризација и класификација на постоен градежен фонд;

.инвентаризација на постојна сообраќајна мрежа и инфраструктура;

-Текстуален дел:

.планиран развој;

-Графички прилози:

.синтезен план на планските решенија за:

-намена на земјиштето;

-површини за градба и максимални висини;

-регулациони и градежни линии;

.синтезен план на плански решенија за сообраќај;

.синтезен план на плански решенија за:

-водовод,

-фекална каналицација,

-атмосферска канализација,

.синтезен план на планските решенија за електрика и ПТТ.

-Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот бр.183/2004-од Октомври 2004г, изработена од „Ин Пума„ Скопје.

-Одговор на извештајот од стручната ревизија бр.09/04 од Февруари 2005г. изработена од „Стил Проект"ДООЕЛ Прилеп.

- Стручно мислење број 13- 3041 од 12.04.2005 г. МТВ-Сектор за уредување на просторот.

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2813/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 20- УРБАН БЛОК 20/4, УРБАН МОДУЛ 1**

1. Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ број 20 - урбан блок 20/4, урбан модул 1, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден_13.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ бр.20 -урбан блок 20/4, урбан модул 1

Чл.1

Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план _за УАЕ бр.20- урбан блок 20/4,урбан модул 1, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:_од североисток ул."Осоговска" во должина од 45 м, од југозапад новопроектирана полско пешачка улица во должина од 47 м, од северозапад новопроектирана полскопешачка улица во должина од 299м, од југоисток ул."Осоговска" во должина од 204 м.и од југ со новопроектирана улица со должина од 105,5м.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:
-ДУП за УАЕ бр.20-урбан блок 20/4, урбан модул 1 Нацрт План, изработен од "Урбан Проект"ДООЕЛ Прилеп, кој содржи:

-Текстуален дел

.планиран развој со табеларен преглед;

-Графички прилози:

.синтезен план за планските решенија

-намена на земјиште;

-површини за градба и максимални висини;

-регулациони и градежни линии;

.синтезен план на планските решенија на сообраќајна мрежа, водовод, канализација, електрика и телефонска инсталација;

-Документациона основа:

.макро локација-ситуација;

.извод од ГУП;

.извод од ГУП-сообраќајно решение;

.синтезен приказ на постојна состојба;

.синтезен приказ на постојна сообраќајна мрежа,водовод,канали-

зација,електрика и телефонска инсталација.

-Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот бр.74/2005-од Јуни 2005г, изработена од „Ин Пума„ Скопје.

-Одговор на извештајот од стручната ревизија бр.19-06/05 од 15.06.2005г. изработена од „Урбан Проект"ДООЕЛ Прилеп;

- Стручно мислење број 13-7892 од 11.07.2005 г. МТВ-Сектор за уредување на просторот.

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2813/19
13.12.2005 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА УАЕ БРОЈ 9-УРБАН БЛОК 9/2, КВАРТ 3**

1. Одлуката за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за измени и дополнувања УАЕ број 9 - урбан блок 9/2, кварт 3, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/19
15.12.2005 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 13.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план измени и дополнувања за УАЕ бр.9 -урбан блок 9/2, кварт 3

Чл.1

Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план _за УАЕ бр.9- урбан блок 9/2 кварт 3, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:_од запад оди по осовината на пешачката улица "Борка Талески" од пресечната улица "Маршал Тито" до осовина на ул."Лазо Попоски", на југ од пресечната точка со пешачката улица "Борка Талески", продолжува низ ул."Лазо попоски" и ул."Херој Карпош", јужно низ ул."Републиканска" оди поосовината на речното корито на река Оревоечка, на исток граница оди по осовината на ул."Јоска Јорданоски" и ул."11-ти Октомври". На север границата оди по осовината на ул."Маршал Тито" и ул."Јоска Јорданоски".

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-ДУП за УАЕ бр.9-урбан блок 9/2,кварт 3 Нацрт План, изработен од "Ин Пума" Скопје, кој содржи:

-Текстуален дел

.планиран развој со табеларни прегледи;

-Графички прилози:

.синтезен приказ -граници на урбан опфат, нумерација на модули, парцели и објекти, површина за градба,висина на венец,регулација, сообраќајни површини;

.синтезен графички приказ-комунална и електроенергетска структура;

-Тектуален дел:

.анализа на постојна состојба со табеларни прегледи;

-Графички прилози:

.извод од ГУП;

.извод од ДУП за УАЕ бр.9 и "Пазар";

.синтезен приказ -"Стара Чаршија";

.синтезен приказ-комунална инфраструктура;

.синтезен приказ-сообраќаен и нивелмански план;

.синтезен приказ-граници на урбан опфат,нумерација на модули, парцели и објекти,градежен фонд,сообраќајни површини;

-Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот бр.77/04-од Ноември 2004г, изработена од ДППИ„Простор„ Куманово.

-Одговор на извештајот од стручната ревизија бр.198/2004 од Ноември 2004г. изработена од „Ин Пума„ Скопје.

- Стручно мислење број 13-17018 од 11.02.2005 г. МТВ-Сектор за уредување на просторот.

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2813/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТНА СТАТУТОТ НА ЈСУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ " - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Статутот на ЈСУ "Ѓорче Петров " - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 5 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" 32/2005) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Статутот на Јавното средно училиште "Ѓорче Петров " - Прилеп

1. Се дава согласност на Статутот на Јавното средно училиште "Ѓорче Петров " - Прилеп.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТОДБОР НА ОУ "КОЧО РАЦИН" - ПРИЛЕП**

1. Решението за изменување на Решението за именување членови на Училишниот одбор на ОУ "Кочо Рацин" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" 63/04) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за изменување на Решението за именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ОУ " Кочо Рацин"Прилеп

1. Во Решението за именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ОУ " Кочо Рацин" - Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 14/2005), во точката 2 алинеата 1 се менува и наместо "Пенкова Јана" да стои: "Мартина Цветкоска, учител, ул."Ленин" бр.189, телефон 420 - 061.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

3.Решението да се достави до именуваните, ОУ "Кочо Рацин" - Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 2813/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен

весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НАРЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "КИРЕ ГАВРИЛОСКИ - ЈАНЕ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за изменување на Решението за именување членови на Училишниот одбор на ОУ "Кире Гаврилоски - Јане" - Прилеп , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" 63/04) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за изменување на Решението за именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ОУ " Кире Гаврилоски - Јане"Прилеп

1. Во Решението за именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ОУ " Кире Гаврилоски - Јане" - Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 14/2005), во точката 2 алинеата 2 се менува и наместо "Дејан Стерјоски" да стои: " Георгиоска Билјана, професор по биологија, телефон 422 - 904.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".
3.Решението да се достави до именуваните, ОУ "Кире Гаврилоски - Јане" - Прилеп, Градоначалникот и архивата на општина Прилеп.

Број 07 - 2813/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИНФОРМАЦИЈА ОД КОМИСИЈАТА ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ**

1. Заклучокот по Информација од Комисијата за родова рамноправност, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 13.12.2005 година, претресувајќи ја Информацијата од Комисијата за родова рамноправност, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Информацаијата од Комисијата за родова рамноправност

1. Се усвојува Информацијата од Комисијата за родова рамноправност.
2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - _2813/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ**

1.Решението за формирање Комисија за елементарни непогоди, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 44 став 1 Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за избор на Комисија за елементарни непогоди

1. Со ова Решение се избира Комисија за елементарни непогоди,
во состав:
- СЛАВЕ НАУМОСКИ, претседател
- ЈАГОДА ТАЛЕСКА, член
- ЌАНИ ИСМАИЛОСКИ, член
- ГОРДАНЧО БОШКОСКИ, член
- ДИМИТАР СТЕВАНАНЏИЈА, член

2. Решението да се достави до именованите, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЗОНИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТАВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ**

1. Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 од Статутот на општина Прилеп („Службен гласник на општина Прилеп“ бр.6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп ја донесе следнта:

**О Д Л У К А**
за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот

Член 1

За утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, а во зависност од погодностите што недвижноста ги дава, а особено во поглед на положбата, сообраќајната поврзаност, снабденоста со комунални објекти и инсталации, се формираат 6 (шест) зони.

Зоните од став 1 на овој член ги имаат следните граници:

**ГРАНИЦИ НА ПРВА ЗОНА**

Границата на прва зона започнува од пресекот на улиците:"К.Јосифоски" и Бул."М.Тито", продолжува на североисток по Бул."Маршал Тито" до раскрсницата со ул.г"Б.Ламески". Завртува на југоисток по ул."Б.Ламески" и доаѓа до пресекот со ул. "Кеј 1-ви Мај" до Оревоечка река.Продолжува покрај коритото на Оревоечка река,односно по ул."Кеј 1-ви Мај" на југозапад до раскрсницата со ул."К.Јосифоски",односно до мостот.Продолжува на северозапад по ул."К.Јосифоски" и доаѓа до раскрсницата со Бул. "Маршал Тито"односно од каде што започна границата.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во прва зона.

**ГРАНИЦИ НА ВТОРА ЗОНА**

Границата на втората зона започнува од раскрсницата на ул. "Димо Наредникот" со ул."Ленин" и продолжува на североисток и доаѓа до ул. "Мице Козар",продолжува по ул."М.Козар", ја сече ул."Марксова" ја сече ул. "Круме Волнароски","Пиринска","11-ти Октомври" и доаѓа до пресекот со ул."Борис Кидриќ".Потоа завртува на југ,оди по ул."Б.Кидриќ" до пресекот со ул."11-ти Октомври",продолжува по ул."11-ти Октомври"на југоисток, ја сече ул."Јоска Јорданоски" и доаѓа до ул."Кеј 1-ви Мај" односно до Оревоечка река. Продолжува на југозапад по течението на Оревоечка река, односно по ул."Кеј 1-ви Мај" и доаѓа до ул."Д.Наредникот". Завртува на северозапад по ул."Димо Наредникот",го сечи Булевар "Маршал Тито" и доаѓа до пресекот со ул."Ленин", односно на почетокот на границата.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во втора зона.

**ГРАНИЦИ НА ТРЕТА ЗОН-прв дел**

Границата на третата зона-прв дел започнува од пресекот на ул."Марксова" со ул."Егејска",продолжува на север по ул."Марксова"доаѓа до пресекот со ул."Тризла",завртува на североисток по ул."Тризла" и оди до сушалната,односно до ул."Кумровец"каде завртува на југоисток, по ул."Кумровец" доаѓа до ул."Мице Козар" ја сече истата и доаѓа до ул."Ѓ.Салај",завртува на североисток по ул."Ѓ.Салај" до пресекот со ул."Кораб",завртува на исток по ул."Кораб" и доаѓа до Дабнички Канал, продолжува по Дабнички Канал на југ, доаѓа до мостот на ул."Б.Кидриќ",завртува по ул."Б.Кидриќ" на северо-исток се движи по неа се до крајот на планските куќи,завртува на исток према оранжериите,доаѓа до нив и завртува на југозапад по границата со оранжери-ите до ул."Победа", продолжува по ул."Победа" ги опфаќа и куќите на ул. "Победа"кои се најдуваат одма покрај оранжериите.Ја сече ул. "Јоска Јорданоски" и доаѓа до спортскиот комплекс (Базент) оди по катастарска граница на спортскиот центар, кој центар исто влегува во оваа зона. Продолжува на југоисток ја сече Оревоечка река и исто продолжува на исток до ул."М.Пијаде" ја пресекува ул."М.Пијаде", продолжува на југоисток по ул. "Октомвриска" која оди према трафостаницата на Електро Прилеп, тука завртува на запад по ул."Октомвриска" и продолжува на југозапад ги опфаќа сите плански куќи на ул."Ѓ.Петров","П.Здравкоски","Ѓ.Сугарев", и доаѓа до детската градинка "Г.Делчев"која влегува во оваа зона, завртува на запад по ул."Радовишка" и

доаѓа до кружниот тек на ул."Т.Тарцан",завртува по ул." Трајко Тарцан" на југозапад, се движи по неа се до ул."Вера Циривири", каде врти по тесната улица која доаѓа до ул."Прохор Пчински",продолжува на запад по неа, доаѓа до ул."Лазо Филипоски" завртува на југозапад и доаѓа до ул.г".Коњарец" оди по неа до раскрсницата со ул."Блаже Иваноски"ги "Иво Лола Рибар",завртува на север по ул."И.Л.Рибар"и доаѓа до пресекот со ул. "Моша Пијаде", каде завртува на запад и се движи по ул."М.Пијаде", ги поминува зградите на ул."Д.Наредникот" и врти после зградите на север по уличето "М.Пијаде" до коритото на Оревоечка река.Оди на запад по коритото на Оревоечка река, до пресекот со ул."Димче Јованоски Дабовски" односно до железничкиот премин на железничката пруга.Завртува на север по железничката пруга и оди до рампата кај Пожарниот дом. Продолжува на север, го сече Булеварот"Маршал Тито","Ленин" и доаѓа до ул."Егејска".Завртува по ул."Егејска"на североисток и доаѓа до раскрсницата на ул."Егејска" и "Марксова",каде што започна описот на оваа граница.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во третата зона.

## ГРАНИЦИ НА ТРЕТА ЗОН-втор дел

Границата на третата зона-втор дел започнува од пресекот на ул."Велко Јанкулоски-Стариот" со ул."Војводинска".Продолжува на југ по ул."Војводинска", ги заобиколува зградите во "Точила-1" кои влегуваат во оваа зона, продолжува на запад покрај истите и доаѓа до ул."Струшка"каде завртува на север покрај зградите во нас."Точила-1",продолжува на север покрај ОУ"Б.Конески" завртува на исток покрај истото,ги заобиколува и зградите во "Точила-2" кои влегуваат исто во оваа зона, се спушта по асфалтната улица на југоисток, ја сече ул."Л.Заменхов"продолжува на југ до ул."В.Јанкулоски-Стариот",оди на запад по истата и доаѓа до пресекот со ул."Војводинска",каде што започна описот на оваа граница.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во третата зона.

## ГРАНИЦИ НАЧЕТВРТА ЗОНА-прв дел

Границата на четвратата зона-прв дел,започнува од ОУ"Г.Делчев" кое влегува во оваа зона,оди на југ по ул."М.Камен",се до улк."Град Јајце",каде завртува по истата на југоисток до пресекот со ул."3-ти Ноември".Се движи по неа на североисток до ул"Истарска",каде завртува на југоисток се до новиот магистрален пат Скопје-Битола.Се движи по Магистралниот пат на југозапад, до ул."П.Котеска",каде завртува на северозапад и оди по улицата "П.Котеска"до ул."К.Спиркоски",завртува на запад по ул."К.Спиркоски" до старите гробишта.Се движи на север по границата на старите гробишта,доаѓа до ул."Ц.Цинорозот",каде завртува на југозапад и се движи исто така по

границата на старите гробишта, се до ул."Бл.Иваноск",завртува на запад,ја сече ул."И.Л.Рибар" и продолжува по асфалтното патче кое оди во Могилата на непобедените.Продолжува по истото и доаѓа до Прилепската Пивара.Оди по катастарските граници на Прилепската Пивара која влегува во описот на оваа зона и доаѓа до ул."Цане Кузманоски".Оди на запад по ул.е "Цане Кузманоски",се до потокот на Селечка река,каде завртува на север до катастарските граници на ГРО"Бетон"кое исто така влегува во границите на оваа зона.Продолжува на запад спрема катастарските граници на "Пелагонија Турист"и "Металец"кои исто така влегуваат во границите на оваа зона.Излегува на ул."М.Пијаде"и продолжува по истата до крајната катастарска граница на поранешен "Црн Бор",каде границата завртува на северозапад и доаѓа до железничката пруга Скопје-Битола.Оди на североисток по железничката пруга до преминот кај "Југосуровина".Завртува на север покрај "Југосуровина" која влегува во описот на оваа зона и продолжува по ул."Т.Николоски".Се движи на север по ул."Т.Николоски", ја сече Оревоечка река и доаѓа до поранешените магацини на "Центропромет", кои влегуваат во описот на оваа зона.Продолжува на север по ул."Трајко Николоски" до слепото уличе на ул."Т.Николоски" каде е задниот влез на прехранбената индустрија "Витаминка".Оди на запад по катастарските граници на "Витаминка"поранешен Пролетер","Микрон" ЕМУЦ"Р.Р.Ричко" каде доаѓа до ул."Савска", оди по истата улица "Савска" каде завртува прво на југ, потоа на северозапад до ул."Леце Котески",се движи на запад по ул."Л. Котески",каде ги опфаќа катастарските граници на "Мак Петрол" и "Електро Прилеп",продолжува по ул."Л.Котески" до крајот на катастарската граница на Мермерниот Комбинат, каде завртува на север по катастарската граница на Мермерниот Комбинат,завртува на исток по истата граница,каде ја опфаќа поранешната

ТИ"Политекс" и "Билјана" кои исто така влегуваат во оваа зона.Продолжува се до пресекот со железничката пруга Скопје-Битола. Завртува на запад по железничката пруга Скопје-Битола,се до крајната катастарска граница на Млекарата,каде завртува на север и североисток и доаѓа до новиот пат Прилеп-Кичево,односно пред Садарата, каде границата завртува на североисток по патот Скопје-Кичево и доаѓа до ул."О.Чопела", каде завртува по ул."О.Чопела"на исток,до улицата "Мире Цилкоски" и завртува на југ по истото покрај магацините на Тутунскиот Комбинат и доаѓа до полското патче кое оди према ОУ"Б.Конески",потоа завртува на север по долот кој излегува кај Стариот задружен дом, односно кај споменикот на ул. "О.Чопела".Ја сече ул."О.Чопела",продолжува по ул."Б.Лопач" до црквата "Св.Петар",каде завртува на исток по ул."Б.Лопач" и доаѓа до ул.г".Амстронг". Завртува на север по ул."Н.Амстронг" и доаѓа до ободниот (заштитниот) канал, каде завртува на исток по ул."Целе Мавроски",се движи по неа и доаѓа до ул."В.П.Џгуре"ја сече истата и доаѓа до ул. "Сутјеска",оди на југоисток по ул."Сутјеска" каде завртува со пресекот на ул."Београдска" се движи по ул."Београдска"према југоисток до раскрсницата со ул."Тризла", односно како што е прикажано во графичкиот прилог,односно картата на град Прилеп.
Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во четвратата зона-прв дел.

**ГРАНИЦИ НА ЧЕТВРТА ЗОНА-втор дел**

Границата на четвртата зона-втор дел започнува од пресекот на ул."Тризла"со ул."Кумровец", се движи на североисток по ул."Тризла" иди до крајот од десната страна на планските куќи на ул."Тризла" до ул."Д.Завој" каде завртува на југоисток и продолжува до ул."Кораб",каде завртува исто на југоисток и доаѓа до ул."Косовска" каде завртува по истата на југозапад до ул. "М.Козар"каде повторно врти на северозапад по ул."Кумровец"каде се доаѓа до почетокот на описот на оваа граница.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во четвратата зона-втор дел.

**ГРАНИЦИ НА ЧЕТВРТА ЗОНА-трет дел**

Границата на четвртата зона-трет дел започнува од Автомото сојузот на ул."М.Пијаде", се движи на североисток по истата улица доаѓа до ПП "Миком" каде завртува по полскиот пат за с.Оревоец, се движи по него до крајот на Катастарската

Парцела на "Македонија Пат", каде завртува на исток на новиот Регионален пат Скопје-Прилеп, се движи по истиот во правец на Битола на југозапад, до реката која иди од Шаторов камен, каде завртува по нејзиното

течение во правец на запад, оди по истата доаѓа до ул."М.Пијаде" се движи по истата до Бензиската пумпа и Автомото Сојузот, кои влегуваат во описот на оваа граница.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во четвратата зона-втор дел.

**ГРАНИЦИ НА ПЕТТА ЗОНА**

Границата на сите катастарски парцели во петтата зона се најдува надвор од описот на сите граници од првата,втората,третата,четвратата и шестата зона, односно како што е прикажано во графичкиот прилог на картата на град Прилеп.

**ГРАНИЦИ НА ШЕСТА ЗОНА**

Границата на шестата зона започнува од пресекот на патот што оди на Маркови Кули и ободниот канал во нас."Тризла". Се движи на исток по ободниот канал и ул."Ц.Мавровски",доаѓа до ул."К.Волнароски" завртува по истата на југ, до ул."В.Павлоски-Џгуре",врти по истата на исток, до ул."Сутјеска".Се движи на југоисток по ул."Сутјеска"до пресекот со ул."Београдска".Продолжува на југоисток по ул."Београдска" и доаѓа до пресекот со ул."Тризла".Од пресекот на ул."Београдска" и "Тризла",се движи на североисток по ул."Тризла" до ул."Д.Завој" каде завртува на југоисток,се движи по истата до ул."Кораб" каде завртува на југоисток и оди до каналот на ул."Дабничка",продолжув до мостот на ул."Б.Кирдиќ", завртува на север по Дабничкиот канал покрај катастарската парцела на Касарната, се движи на север,потоа завртува на североисток и продолжува по патот што се најдува покрај касарната, до границите на градежниот реон.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во шеста зона.

**За сите опишани зони составен дел е графичкиот прилог,односно картата на град Прилеп во размер 1:5000.**

Член 2

При определувањето на пазарната вредност на недвижниот имот зоната I одговара на осма зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2005),

зоната II одговара на деветта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2005),

зоната III одговара на десетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2005),

зоната IV одговара на единаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2005),

зоната V одговара на дванаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2005),

зоната VI одговара на петнаесетта осма утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2005).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 07 - 2813/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗОНА (ЧЕТВРТА) НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

1. Одлуката за воведување на зона (четврта) на градежно земјиште на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/26 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 26 од Статутот на општина Прилеп („Службен гласник на општина Прилеп“ бр.6/2003 и 4/2005), Советот на општина

Прилеп, на седницата одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за воведување на зона (IV) на градежно земјиште на Општина Прилеп

Член 1

Покрај постоечките зони, се воведува ЧЕТВРТА ЗОНА со следниве граници: Просторот надвор од ул.„Александар Македонски“ си ул.„Ножот“ оди кон југ по ул.„Александар Македонски“ и завртува по кракот од истата улица, покрај станбените згради, кон градската река, завртува кон исток по реката, а потоа завртува кон север по кракот на ил.„Јоска Јорданоски“ над Спортскиот центар. Во продолжение ја зафаќа ул.„Победа“ оди по неа се до пресекот со ул.„Васко Карангелески“, завртува кон југ на истата улица се до Дабнички канал, завртува по каналот кјон север се до ул.„Кораб“. Оди по оваа улица до пресекот со ул.„Тризла“ продолжува по неа кон запад се до пресекот со улица „Даме Груев“. Потоа продолжува на север по истата улица и од пресекот со улица „Партизанска“ завртува кон запад по неа. Од пресекот на улица „Ѓорче Петров“ оди кон север по истата улица, а после пресекот со улица „Козјак“, зввртува кон југ по новопроектирана улица во населбата „Точила“, завртува кон исток по новопроектираната улица „Пере Тошев“, а од пресекот со ул.„Браќа Миладиновци“ кај Електро-машинскиот училишен центар. Потоа границата завртува кон југ покрај колективните згради на „Точила И“ и во продолжение по улица „Струшка“ до пресекот со Булеваротот кај „Жито-Прилеп“. Потоа ја тангира границата на „Жито-Прилеп“ во истиот правец, и продолжува по границата се до железничката пруга, завртува делумично на запад по пругата, а потоа завртува кон југ по улица„трајко Никколоски“. Потоа границата оди по истата улица, ја преминува железничката пруга и се сечи со улица „Александар Македонски“. Завртува кон запад по оваа улица, до Селечка река, завртува кон исток и оди по реката до улица „Цане Кузманоски“. Продолжува по оваа улица до пресекот со улица „Цар Самоил“ завртува кон југ по оваа улица и пред влезот на Могилата завртува по улица „Блаже Иваноски“, оди по нез, завртува кон исток по улица „Слобода“, делуммично завртува кон север по крак од истата улица и повторно завртува кон исток по нејзин крак. Понатаму по продолжение оди по улица „Ѓорѓи Димитров“, од пресекот со улица „Вера Цириивири“ делимично завртува кој југ и продолжува кон исток по улица „Илија Дреноски“. Во продолжение продолжува во улица „Комитска“-главниот крак, оди по неа кон исток и во правец продолжува по улица „Мечкин камен“. Од кружниот тек кај В.П.„Стерна“ завртува кон југ делимично по улица „11ти Октомври“, а од пресекот со улица „Октомвриска“, оди по неа, ја пресекува улица „Петта Прилепска Бригада“ и слегува надолу кон улицата „Александар Македонски“, надвор од овие граници, па се до крајот на градежниот реон и урбанистичкиот опфат.

Член 2

Надоместокот за уредување на градежното земјиШте за ИВ зона изнесува 11 ЕУР од м2 нето корисна површШина, за станбен простор, а 14 ЕУР од м2 за деловен простор.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 07 - 2813/27
13.12.2005 година
П р и л е п

П Р Е Т С Е Д А Т Е Л
на Совет на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УКИНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за укинување на Одлуката за утврдување надоместок за употреба на градежно земјиште на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/27
15.12.2005 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" бр.6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата, одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за укинување на Одлуката за утврдување

надоместок за употреба на градежно земјиште на Општина Прилеп

Член 1

Одлуката за утврдување надоместок за употреба на градежно земјиште на општина Прилеп бр.07-169/10 од 09.02.2001 објавена во("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.1/2001 се укинува.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 07 - 2813/28
13.12.2005 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ НА КОИ СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И МАЛО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за определување на работното време на зелените пазари на кои се врши трговија на големо и мало на подрачјето на Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/28
15.12.2005 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за трговија ("Службен весник на РМ" 16/1994) член 36 став ж точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за определување на работното време на Зелените пазари на кои се врши трговија на големо и мало на подрачјето на Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се определува работното време на Зелените пазари на кои се врши трговија на големо и мало на подрачјето на Прилеп и тоа:

1. Во периодот на летното сметање на времето, Зелените пазари ќе работат:

- понеделник, вторник, четврток и петок од 06,оо до 16,оо часот;
- среда и сабота од 06,оо до 18,оо часот; и
- во деновите на државни празници од 07,оо до 13,оо часот.

1. Во периодот на зимското сметање на времето, Зелените пазари ќе работат:

- понеделник, вторник, четврток и петок од 07,оо до 15,оо часот;
- среда и сабота од 06,оо до 16,оо часот; и
- во деновите на државни празници од 07,оо до 13,оо часот.

Член 2

Надзорот се врши на начин определен со Законот за трговија.

Член 3

Ако правното лице што го организира Пазарот не го истакне работното време и не се придржува на работното време од член 1 на оваа Одлука, ќе се казни за прекршок согласно Законот за трговија.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/29
13.12.2005 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ПРОДАВААТ НА ПОСЕБНО ОРГАНИЗИРАНИ ДЕЛОВИ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за определување на стоките кои можат да се продаваат на посебно организирани делови на зелените пазари на подрачјето на Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/29
15.12.2005 година

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп

Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за трговија ("Службен весник на РМ" 16/1994) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за определување на стоките кои можат да се продаваат на посебно организирани делови на Зелените пазари на подрачјето на Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат стоките што можат да се продаваат на посебно организирани делови на Зелените пазари на подрачјето на Прилеп.

Член 2

На посебно организираните делови на Зелените пазари може да се врши трговија на големо и мало на:

- бижутерија и галантерија;
- електро и водоводни материјали;
- канцелариски материјали;
- метли и производи од трска;

- украсни птици (препарирани);
- грнчарски производи;
- текстил и облека;
- обувки и предмети од кожа;
- кујнски прибор.

Член 3

Надзорот се врши на начин определен со Законот за трговија.

Член 4

Ако трговецот на зелените пазари и посебно организираните делови на Зелените пазари врши трговија на големо и мало на други стоки, кои не се определени со оваа Одлука, ќе се казни за прекршок согласно Законот за трговија.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАНА СОВЕТОТ**

1. Решението за избор на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2830/30 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.12.2005 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 44 став 1 Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 13.12.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за избор на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот

1. Со ова Решение се избира Комисија за изработка на Програма за работа на Советот, во состав:
   - ОЛИВЕР ДЕРКОСКИ, претседател
   - КАТЕРИНА ДИМЕСКА, член
   - ПАНЧЕ ДАМЕСКИ, член
   - ГОЦЕ ТУМАНОСКИ, член
   - РЕНАТА КЕРПИЧОСКА - БОШЕСКА, член.
2. Решението да се достави до именованите, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2813/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.12.2005 год на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

**С О Д Р Ж И Н А**

## на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 17 од 15.12.2005 година

1. Одлука за намалување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште........Стр. 1
2. Решение за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" , за зголемување на цената на водата за пиење........Стр. 2
3. Одлука за одобрување на Проектот "Реновирање на Центарот за поддршка на НВ организации........Стр. 2
4. Изменување и дополнување на Буџетот на Општина прилеп за 2005 година во делот на наменските дотации во Програмите: Култура и социјална заштита и заштита на деца и Подпрограма - Домови за стари лица........Стр. 3
5. Заклучок по Извештајот за финансиската состојба на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за периодот од 01.01. до 31.08.2005 година........Стр. 4
6. Решение за давање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цените на комуналните услуги........Стр. 5
7. Одлука за одобрување на барање за обезбедување на средства на ЈКП "Комуналец"........Стр. 5
8. Одлука за одобрување на барање за обезбедување на средства за анализите на водата за пиење........Стр. 5
9. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на надомест на пазарните услуги кои ги дава ЈКП "Пазари" - Прилеп на корисниците на Подрачен пазар - "Точила"........Стр. 6
10. Одлука за формирање на партиципативно тело........Стр. 7
11. Одлука за пренесување на правото на управување со фекална колекторска канализациона гранка, во населба "Тризла 2" - по улица "Беровска", од Општина Прилеп на ЈКП "Водовод и канализација"........Стр. 7
12. Одлука за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел УАЕ број 6 - урбан блок 6, урбан модул 1........Стр. 8
13. Одлука за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел УАЕ број 2 - урбан блок 2/3, урбан модул 1........Стр. 9
14. Одлука за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ број 1 - урбан блок 1/3, урбан модул 2........Стр. 10
15. Одлука за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел УАЕ број 8 - урбан блок 8/1, урбан модул 4........Стр. 10
16. Одлука за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за дел УАЕ број 16 - урбан блок 16/2, урбан модул 1........Стр. 11
17. Одлука за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ број 19 - урбан блок 19/3, урбан модул 1........Стр. 12
18. Одлука за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ број 20 - урбан блок 20/4, урбан модул 1........Стр. 13
19. Одлука за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за измени и дополнувања на УАЕ број 9 - урбан блок 9/2, кварт 3........Стр. 14
20. Решение за давање согласност на Статутот на ЈСУ "Ѓорче Петров " - Прилеп........Стр. 15
21. Решение за изменување на Решението за именување членови на Училишниот одбор на ОУ "Кочо Рацин" - Прилеп........Стр. 15
22. Решение за изменување на Решението за именување членови на Училишниот одбор на ОУ "Кире Гаврилоски - Јане" - Прилеп........Стр. 16
23. Заклучок по Информација од Комисијата за родова рамноправност........Стр. 16
24. Решение за формирање Комисија за елементарни непогоди.....Стр. 16
25. Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот........Стр. 17

26. Одлука за воведување на зона (четврта) на градежно земјиште на Општина Прилеп ..........................................................................................**Стр. 20**
27. Одлука за укинување на Одлуката за утврдување надоместок за употреба на градежно земјиште на Општина Прилеп.................................**Стр. 21**
28. Одлука за определување на работното време на зелените пазари на кои се врши трговија на големо и мало на подрачјето на Прилеп. ............**Стр. 22**
29. Одлука за определување на стоките кои можат да се продаваат на посебно организирани делови на зелените пазари на подрачјето на .........**Стр. 22**
30. Решение за избор на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот..........................................................................................**Стр.** 23

**Издава:** Општина Прилеп.

**Главен и одговорен уредник:** Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп.

**Дизајн и компјутерска обработка:** Горица Чатлеска.

**Печати:** Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци.